Краток преглед на проектот: КПП

# Бошков мост - хидро централа

**Земја**: Република Македонија

**Број на проект:** 41979

**Деловен сектор:** Енергија и енергетика

**Јавен/приватен:** Јавен

**Еколошка категорија:** А

**Датум на одобрување на Бордот:** 8 ноември 2011

**Статус:** Потпишан проект

**Датум на објавува е на КПП:** 4 април 2016

**Опис на проектот:**

Хидроцентралата Бошков Мост од 70MW (Проектот) треба да биде лоцирана во близина на градот Дебар во западниот дел на Република Македонија. Проектот има за цел целосно искористување на хидро-електричниот потенцијал на притоките кои заедно ја сочинуваат реката Мала Река и ќе вклучува и брана и резервоар во близина на селото Тресонче. Браната ќе има можност за одржување на природниот проток и канал за прелевање во случај на висок проток. Годишното производство е предвидено на околу 118 GWh.

**Влијание врз транзицијата:**

Можното транзициско влијание на Проектот првично произлегува од следното:

- Проектот ќе ја зголеми сигурноста и квалитетот на снабдувањето во македонскиот сектор за електрична енергија, преку справување со постоечкиот јаз во капацитетите и обезбедување на флексибилна струја во периодот на интензивна потрошувачка. Со тоа ќе се подобри ефикасноста на системот за сите потрошувачи и, во рамки на секторот, ќе се зајакнат условите за развој на функционален пазар на електрична енергија.
- Проектот ќе ги покаже можностите за градење на значителни капацитети на обновлива енергија на Западен Балкан, особено користењето на иновативен технички пристап; тоа ќе доведе од намалување на емисијата на јаглерод диоксид на мекедонскиот сектор на генерирање на електрична енергија;
- Проектот ќе се имплементира во согласност со најдобрите стандарди за животната средина и технички стандарди, и ќе обезбеди примена на транспарентни и ефикасни процедури за набавка.

**Клиентот**

АД Електрани на Македонија (**ЕЛЕМ**) е компанија за електрична енергија, со 100% државна сопственост на Република Македонија, одговорна за рударство и производство на електрична енергија. ЕЛЕМ е основана во 2005 година и во моментот врши две главни активности: таа врши рударски активности во четири рудници на јаглен и управува со капацитети за производство на струја од 1.328 MW, од кои 60% се на лигнит, а 40% се хидроцентрали.

**Финансирање на ЕБОР:**

65 милиони евра: ЕБОР заем со државна гаранција

19 милиони евра: капитал на ЕЛЕМ

**Вредност на проектот:** 84 милиони евра

**Еколошко влијание:**
Проектот е категоризиран под категорија А во рамки на Еколошката и социјалната политика на ЕБОР од 2008 година. Еколошката и социјалната проценка на влијание (ЕСПВ) вклучувајќи јавна објава и консултации спроведени согласно македонските закони, Директивата на Европската Унија за Влијание на човековата околина и барањата на ЕБОР од 2011 година.Еколошкиот план на инволвираните страни, Еколошкиот и социјалниот акционен план, Не-техничкото резиме, и Рамката за стекнување со земјиште и компензација, се подготвени и објавени заедно со ЕСПВ.
Како резултат на наодите од ЕСПВ и јавните консултации, применета е дополнителна био-мониторинг програма за наредните четири сезони пред изградбата и дополнителните консултации со експерти за био - диверзитет, како пред-услов за префрлување на средствата од ЕБОР и започнување на изградбата.

Доплнителниот мониторинг е превземен од страна на независен консултант во 2012 и 2013 година. Беше креирана и Програмата за мониторинг, наменета за дополнување на постоечките информации, содржани во ЕСВП. Исто така, беше направено и идентификувањето на дополнителните мерки за митигација за натамошно избегување или минимализирање на потенцијалните влијанија. Во таа насока, беа добиени значителни податоци од Студијата за ревалоризација на заштитената област Маврово и Менаџмент планот за заштитената област Маврово, кои беа земени предвид, во самата програма за мониторинг.

ЕСПВ и деталната програма за био-мониторинг, дојдоа до заклучок дека изградбата и работењето на хидро-централата Бошков мост, во комбинација со имплементирање на стратегијата на митигација (ублажување на негативните ефекти), нема да имаат значајно влијание на паркот и неговата уникатна средина и биодиверзитет. Дополнително, Проектот нема да влијае врз статусот на Националниот парк Маврово. Во мониторинг извештајот, се дојде до заклучок дека Бошков мост нема значајно да ги зголеми ризиците на Балканскиот рис.

ЕЛЕМ и ЕБОР ги споделија дополнителните био-мониторинг резултати со голем број на локални и меѓународни научни експерти, за да се превземат темелни и целосни консултации со експерти од оваа област. Мониторинг извештајот и препораките беа изменети за да ги земат во вид коментарите на експертите и да предложат дополнителни мерки на митигација. Определни мерки на митигација и активности на мониторинг, за време на фазата на изградба на проектот беа развиени со цел да спречат неповолни негативни влијанија.

Дополнителниот био-мониторинг извештај и одговорите на консултантите за мониторинг на коментарите добиени од експертите за био - диверзитет, заедно со други проектни информации, се дадени на веб страната на ЕЛЕМ:
http://www.elem.com.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=99&Itemid=141&lang=en

ЕЛЕМ и ЕБОР ќе продолжат да соработуваат со заинтересираните организации и експертите за био-диверзитет, за да обезбедат услови идните негативни влијанија и мониторинг активности да бидат земени во предвид, продолжувајќи да ги следат основаните научни совети. ЕБОР и ЕЛЕМ ќе останат во тесна комуникација со одговорните лица на Националниот парк.

За овој проект има достапна и Еколошка и социјална студија за проценка на влијанието.

**Техничка соработка**

65.000 евра за проценка на еколошките аспекти, одделени од Специјалниот фонд на акционери на ЕБОР

200.000 евра за техничка проценка

**Можности за деловна соработка и учество на тендери**

За деловна соработка и учество на тендери контактирајте ја компанијата - клиент.
За проекти во државниот сектор посетете ја веб страната: Набавки преку ЕБОР
Информации: Тел.: +44 20 7338 6794
Електронска адреса: procurement@ebrd.com

**Општи информации**

Прашања поврзани со проектот на ЕБОР, кои не се поврзани со набавките:
Тел.: +44 20 7338 7168
Електронска адреса: projectenquiries@ebrd.com

**Политика на јавни информации (ПЈИ)**

ПЈУ пропишува како ЕБОР ги објавува информациите и се консултира со сите инволвирани страни, за да промовира подобра запознаеност и разбирање на стратегиите, политиките и проектите. (Текст на ПЈИ)

**Механизми за жалби по проектот (МЖП)**

ЕБОР има воспоставено Механизми за жалби по проектот (МЖП), со цел да даде можност за независна ревизија на жалбите од еден или повеќе поединци или од организациите поврзани со финансирање на проектите од страна на Банката, кои се наведени дека предизвикале или постои веројатност дека ќе предизвикаат штета.

Правила за раководење со процедурата на МЖП

Било која жалба во однос на КПП мора да биде согласно временската рамка наведена во Правилата и прописите на КПП. Можете да го контактирате службеникот за КПП на следнава електронска адреса pcm@ebrd.com, за асистенција, доколку не сте сигурни, дали Вашата жалба е основана.